**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**
**СКОПЈЕ**
Бул. Гоце Делчев бр. 9А 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Деканат: +389 2 3240 401

Бр. 03-1266/3
06-10-2023

Скопје

Врз основа член 68,69,70,71,72,73,74,**75**,76 и 78 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија број 36/2004, 49/2004, 86/2008, 124/2010, 18/2011, 41/2014, 129/2015, 71/2016, 106/2016 и 83/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија број 215/2021); Правилникот за мерките за заштита од пожари,експлозии и опасни материи (Службен весник на Република Македонија,број 32/2011); Упатството за содржината на Правилникот за заштита од пожари и експлозии на државните органи,органите на државната управа,единиците на локалната замоуправа,јавните претпријатија,јавните усртанови,трговските друштва,трговците поединци и други правни лица (Службен весник на Република Македонија, број 80/2011) и член чл. 86 од Статутот на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во состав на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Деканатската управа на Факултетот на втората редовна седницата одржана на 4.10.2023 година донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ И ЕКСПЛОЗИИ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје (во понатамошниот текст Факултетот) се регулираат меѓусебните права, обврски, одговорности и надлежности од областа на заштитата и спасувањето од пожари и експлозии, во согласност со основите за утврдување, спроведување и унапредување на заштитата и спасувањето од пожари и експлозии, утврдени со законски и подзаконски прописи, а особено:

Правата, обврските и одговорностите од областа на заштитата и спасувањето од пожари, односно организацијата и начинот на вршење на внатрешна контрола, како и овластувањата и одговорностите на работниците кои ја вршат таа контрола.

Должноста и одговорноста на работодавачот-како работоводен орган, на раководниот кадар по внатрешни организациони единици, на органите на Факултетот, одговорни лица и други вработени во врска со заштитата од пожари.

Опремата, уредите и средствата за гаснење на пожар, распореденоста и нивното редовно сервисирање и континуирано одржување во исправна состојба.

Постапката и начинот на запознавање на вработените со пожарните опасности и начинот на обучување и оспособување за учество во гаснењето на пожар.

Мерките за заштита од пожари со чија примена се придонесува за отстранување, односно сведување на минимум опасноста од пожари, согласно

условите и расположивите можности на Факултетот, и други задачи и активности кои се организираат на Факултетот заради заштита од пожари.

## II. ПРОСТОРНА, ОРГАНИЗАЦИОНА И ФУНКЦИОНАЛНА ПОСТАВЕНОСТ НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“

Член 2

Седиштето на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ е на Булевар „Гоце Делчев“ 9А во Скопје, на утврдена локација-објект од цврста градба, во комплексот Универзитет „Св.Кирил и Методиј“-Скопје.

Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје е високо¬образовна установа, како единица во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Факултетот врши високообразовна дејност од прв, втор и трет циклус студии, научноистражувачка и применувачка високостручна дејност во научноистражувачкото подрачје на хуманистичките науки, во полето на наука за јазикот, наука за литература, дидактика на јазиците и книжевностите, традуктологијата и културолошки студии, како и во сите научни полиња што се во врска со основната дејност на Факултетот.

Во објектот (зграда) во кој Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ ја остварува основната дејност, на определен број простории од подрум, приземје и спратови функционира и друг субјект-Филозофскиот факултет.

Член 3

За остварување на својата дејност, Факултетот може да ги основа следните внатрешни организациони единици, и тоа:

- Катедри,
- Институти,
- Центри,
- Лаборатории,
- Библиотеки,и
- Стручна и административна служба.

Катедрите како основни внатрешни наставно-научни организациони единици на Факултетот,се основаат,припојуваат и се делат согласно со потребите на наставно-образовната и научноистражувачката работа.

Институтите се формираат на определено научноистражувачко поле за организирање и изведување наставно-образовна дејност поврзана со соодветното научноистражувачко поле, развојни, применувачки и фундаментални проекти.

Центрите се формираат заради изведување,организирање и поттикнување на научноистражувачката и наставно-образовната работа.

Лабораториите се формираат за практично изведување на наставно-образовната,научноистражувачката,односно апликативната работа.

Библиотеките на Факултетот ја собираат,ја уредуваат и ја распоредуваат научната,студиската и стручната литература.

Стручните и административните работи ги врши Стручна и административна служба на ниво на Факултет.

## III. ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА ОРГАНИТЕ НА ФАКУЛТЕТОТ ОД ОБЛАСТА НА ЗАШТИТАТА И СПАСУВАЊЕТО ОД ПОЖАРИ И ЕКСПЛОЗИИ

Член 4

Органи на Факултетот се:

1. Наставно-научен совет.
2. Декан и
3. Деканатска управа.

Член 5

***Наставно-научниот совет*** во рамките на своите надлежности ја разгледува потребата од заштита и спасување од пожари на вработените, студентите, средствата за работа и другите материјални добра со кои располага Факултетот. Донесува заклучоци и предлог мерки и истите ги доставува за разгледување од Деканот и Деканатската управа, заради донесување конкретни одлуки.

Член 6

***Деканот*** на Факултетот во поглед на заштитата и спасувањето на вработените, студентите, средствата за работа и материјалните добра од пожарни опасности, покрај другите ги има и следниве права, обврски, должности и одговорности:

а). Врши општ надзор и контрола на средствата и опремата за противпожарна заштита.

б). Раководи и го следи спроведувањето на мерките за заштита од пожари.

в). Води грижа за операционализација на заклучоците и одлуките донесени од Наставно-научниот совет и Деканатската управа за прашања во врска со заштитата и спасувањето од пожари.

г). На Наставно-научниот совет и на Деканатската управа им предлага преземање на конкретни и итни мерки за заштита и спасување од пожари.

д). Во случај на активен пожар од поголеми размери, издава наредба за прекин на работата во одредени работни простории или делови од спратови, а веднаш потоа за вонредните околности го известува Наставно-научниот совет и Деканатската управа.

ѓ). На предлог на непосредните раководители, отпочнува постапка според закон против секој вработен, kој и покрај запознавањето и изречената опомена не се придржува кон пропишаните мерки за заштита од пожари.

е). Издава налози за отстранување на опасностите од појава на пожар, утврдени со решенија од страна на инспекциските органи.

ж). Извршува и други работи кои му се дадени во надлежност со законски и подзаконски прописи, со одлуките и заклучоците од Наставно-научниот совет, Деканатската управа и со други општи акти.

Член 7

***Деканатската управа*** во рамките на своите надлежности:

а). Ја разгледува и расправа за состојбата во врска со заштитата и спасувањето од опасности од пожари и донесува конечни одлуки за преземање мерки за превентивно попречување, пресретнување,како и отстранување на потенцијалните опасности од појава на пожари.

б). Врз основа просторните услови, ја утврдува потребата од технички средства и опрема за заштита од пожари, обучувањето и оспособувањето на вработените за брзо и ефикасно вклучување во акциите за гасење на пожари, оспособувањето за учество во акциите за спасување на загрозени и настрадани вработени и корисници на услуги-студенти, средствата за работа и материјалните добра.

в). Утврдува преземање мерки и активности за проширување, развој, унапредување и усовршување на заштитата од пожари, преку примена на разни форми и методи на обука со проверка на стекнатите знаења во практични вежби.

г). Донесува Финансиски план за обезбедување на потребните средства и опрема за противпожарна заштита.

д). Врз основа Финансискиот план ја утврдува организацијата и техничката опременост со средства и опрема за заштита од пожари.

ѓ). Разгледува,расправа,извршува и други работи од областа на заштитата и спасувањето од пожари кои се во нејзина надлежност, а како обврска произлегуваат од закон и подзаконски прописи и други општи акти.

Член 8

***Раководителите на внатрешните организациони единици и други одговорни лица,*** од аспект на заштитата од пожари, ги имаат следниве права, обврски и одговорности:

а). Вршат контрола на спроведувањето на мерките за заштита и спасување од пожари и експлозии кои се пропишани со овој Правилник, закон и подзаконски прописи.

б). Во колку не се во состојба, го известуваат Деканот на Факултетот за потребите од преземање приоритетни, односно итни и неодложни постапки и мерки за заштита од пожар.

в). Во случај на евентуално изненадно активирање на поголем пожар, на Деканот му предлагат прекинат на работата во определени опожарени организациони делови (кабинети, предавални, амфитеатри, административни и други работни простории).

г). Без одлагање го отстрануваат од работоното место секој вработен кој и покрај тоа што бил запознат и му била изречена опомена не ги почитува пропишаните мерки за заштита од пожари.

д). Ја следат и контролираат исправноста на противпожарните апарати, хидрантската мрежа, јавувачите на пожар (рачни и автоматски) и другите уреди со кои располага Факултетот.

ѓ). Се грижат за почитување и спроведување на наредбите и упатствата од Деканот, одлуките и заклучоците од Наставно-научниот совет и Деканатската управа за прашања во врска со заштитата од пожари.

е). Вршат и други работи кои им се дадени во надлежност со општите акти на Факултетот.

Член 9

Стручната и непосредна работа во врска со заштитата и спасувањето од пожари е во надлежност на ***Лицето задолжено за извршување на работите и задачите од областа на заштитата и спасувањето.***

***Определеното лице*** ги има следните права, обврски, должности и одговорности:

- Води грижа за спроведување на пропишаните и наредени мерки за заштита и спасување од пожари.
- Организира контрола на спроведувањето на мерките за заштита од пожари кои се пропишани со овој Правилник, со закон и други подзаконски прописи.
- Преку примена на разни форми и методи на едукација, организира запознавање на вработените со опасностите од пожар, со мерките за заштита и со постапката во случај на пожар на одделни места во работните, наставните, административните и другите помошни простории по спратови во рамките на Факултетската зграда.

- Презема конкретни мерки и постапки за отстранување на опасностите од појава на пожар утврдени со записници од страна на инспекциски органи.
- Води грижа за редовно одржување на противпожарните апарати, за редовно контролирање и мерење на притисокот во хидрантската мрежа, за испитување на исправноста и функционалноста на дојавувачите на пожар (автоматски и рачни), електричната и громобранската инсталација.
- Се грижи за видот, количината и времето на користење на техничката опрема и средствата за гаснење на пожари, навремено да ги набави и да ги постави на определени места, согласно пропишаните нормативи и стандарди.
- Води грижа за исправноста и за местоположбата на поставеност на противпожарните средства и опрема заради нивно наменско користење.
- Се грижи за просторот, влезот и излезот, за пристапните патишта (дворната површина пред Главниот влез и излез, ,ходниците, холовите, скалишниот и друг расположив простор) во секое време да бидат слободни за комуникација, како и пристапот до противпожарните апарати и другата опрема.
-Остварува контакти и соработува со професионалните противпожарни единици во Градот, Општината „Центар“ и инспекциските органи за заштита од пожари при Дирекцијата за заштита и спасување.
- На раководителите на внатрешните организациони единици им предлага прекин на наставата и другите работни активности на оние работни места каде што постои потенцијална опасност од појава на пожар и експлозија поради одредени недостатоци на инсталациите, уредите и средствата за работа.
- Непосредно се грижи, предлага и придонесува за унапредување и усовршување на заштитата од пожари.
- Изготвува извештаи и информации (редовно, по потреба и вонредно) за состојбата на противпожарната заштита и истите ги проследува до Деканот на Факултетот, а преку него до Деканатската управа и до други надлежни институции.
- Извршува и други работи и задачи согласно закон и подзаконски прописи, одредбите од овој Правилник, како и работи кои ќе му ги наложат Деканот, Наставно-научниот совет, Деканатската управа и раководителите на внатрешните организациони единици.

## IV. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ И ЕКСПЛОЗИИ СО КОИ ЌЕ СЕ ОТСТРАНУВА,ОДНОСНО НАМАЛУВА ОПАСНОСТА ОД ПОЖАРИ И ЕКСПЛОЗИИ, СОГЛАСНО УСЛОВИТЕ НА ФАКУЛТЕТОТ

Член 10

Заштитата од пожари Факултетот ја остварува во согласност со важечките законски и подзаконски прописи и акти донесени врз основа на закон и одредбите од овој Правилник.

Член 11

Мерките за заштита од пожари се преземаат со цел да се отстранат причините за настанување на пожари, за пресретнување и оневозможување на нивното ширење, како и поради спасување на вработените, студентите, другите корисници на услуги, средствата за работа и материјалните добра кои можат да бидат загрозени од пожарни опасности.

Мерките за заштита од пожар се преземаат врз основа претходно извршена анализа и процена на потенцијалните опасности и изложената загрозеност на вработените, студентите, другите корисници на услуги, средствата за работа, материјалните добра и просториите по спратови во Факултетската зграда.

Член 12

При проектирањето и изведувањето на работи во врска со преправки, доградби, адаптации, реконструкција и пренамена на постојните простории во објектот, вградувањето уреди и опрема во тие простории, експлоатација и одржување на просториите во објектот, по правило да се применуваат пропишаните нормативи и стандарди за заштита од пожари уредени со закон и подзаконски прописи издадени од Дирекцијата за заштита и спасување и други надлежни институции.

Член13

Електричната, водоводната, вентилационата, топловодната, громобранската, телефонската, компјутерската и друг вид на инсталација, потоа сите видови уреди, апарати и друг вид на средства за работа вградени и сместени во просториите во Факултетската зграда, мора да бидат изведени така што да не претставуваат иницирачка опасност за предизвикување пожари, а нивното одржување, односно сервисирање да се движи во границите на постојните технички нормативи и стандарди регулирани во прописи.

Член 14

При евентуална потреба од изведување на работи со запаливи течности и боци со гасови под притисок, да се преземаат неопходни мерки за заштита од предизвикување на пожар.

Член 15

Пристапните патишта, влезовите, излезните премини, внатрешни комуникации (холови, ходници), скали, скалишни и други простории, како и определени противпожарни патеки околу објектот за приод на противпожарни возила, пристапите до уредите и средствата за гаснење пожари, треба да бидат слободни за комуникација, како предуслов за интервенција во секое време.

Член 16

Уредите, опремата и средствата со основна намена за гаснење пожари, како и уредите, инсталациите за дојава и сигнализирање (рачни и автоматски јавувачи на пожар) на пожарна опасност во просториите по спратови во Факултетската зграда, мора да се одржуваат во исправна состојба, да бидат стручно инсталирани и поставени на видливи и лесно достапни места, прописно обележани, пред се, функционални и подготвени за употреба во секое време.

Член 17

Горивен и лесно запалив материјал не е дозволено да се складира и одлага на комуникативен простор наменет за движење и разминување на вработени и студенти по спратови во Факултетската зграда, како на пример: скалишен простор, ходници, холови и друг слободен простор.

Член 18

Технички изведените инсталации во просториите на објектот на Факултетот, да се користат според стандардизирани постапки и да подлежат на редовни и контролни прегледи од страна на овластени сервисни служби, согласно упатствата на производителите.

Член 19

**„Патроните“** од осигурачите на разводните електрични табли да не се **„калемат“**, туку да се заменуваат со стандардизирани-нови.

Член 20

Електричните, електронските, компјутерските,т елефонските и други уреди и апарати, да се одржуваат во исправна состојба, истите да бидат контролирани од овластени сервисни служби и да се користат според упатствата пропишани од производителите.

Член 21

Грејните тела на електрична енергија да се користат на вообичаен начин, редовно и во континуитет да се проверува нивната исправност. По можност да се користи само еден апарат по штекер, а кога апаратот не се користи да се исклучи од директно напојување со електрична енергија.

Член 22

Паничното осветлување по спратови, инсталирано во ходници, холови, скалишни и други комуникативни простории, кое при исклучување на објектот од напојување со електрична енергија, треба да послужи за подобра ориентација во внатрешниот простор, за безбедно движење, а во крајно ризични опасности и за безбедно напуштање на просториите по спратови во објектот и евакуација на вработените, студентите и другите корисници на услиги. Поради важноста, неопходно е да се одржува во исправна состојба.

Член 23

Заради добивање навремени информации и поефикасна заштита од појава на пожар, просториите во објектот на Факултетот опремени се со сигнални уреди за дојава на пожар (автоматски и рачни), противпожарни апарати и внатрешна хидрантска мрежа, инсталирани во согласност со важечките прописи.

## V. ПРАВА, ОБВРСКИ И НАЧИН НА ЗАПОЗНАВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ФАКУЛТЕТОТ СО ОПАСНОСТИТЕ ОД ПОЖАРИ И ЕКСПЛОЗИИ

Член 24

Вработените на Факултетот се основните носители на задачите, работите и другите дејствија и активности во врска со заштитата од пожари.

Право и должност на секој вработен е да биде непосреден учесник во организацијата на спроведување на општите и посебните мерки за заштита и спасување на евентуално загрозени и настрадани вработени, студенти, други корисници на услуги, средствата за работа и материјалните добра од пожари, во согласност со закон и подзаконски прописи, со одредбите од овој Правилник и со други општи акти.

Правата и должностите се однесуваат во врска со:

-Учество во организацијата за заштита на сите вредности со кои располага Факултетот, на начин и постапка кои пред се.обезбедуваат лична, а потоа и колективна заштита на вработените, студентите, другите корисници на услуги, средствата за работа и материјалните добра.

- Запознавање со можните и потенцијални опасности од појава на пожар кои произлегуваат од делокругот на работното место, и во случај на потреба да знаат да спроведуваат лична заштита, заштита на корисниците на услуги, средствата за работа и материјалните добра.

- Пружање помош и барање помош во случај на пожар, во согласност со сопствените можности и способности, а особено изразено при гаснење пожар да бидат присебни и активни во попречување, а со своето директно учество да оневозможат негово ширење.

- Навремено да бидат известени за појавите од загрозување, како и мерките, постапките и другите дејствија кои треба да ги преземаат за отстранување на последиците како производ од пожарните опасности.

- Запознавање со опасностите од појава на пожар, да се запознаат и да се обучат и оспособат за ракување и практична употреба на рачните противпожарни апарати за гаснење на почетен пожар.

- Преземање директни дејствија, по завршување на работниот ден во работните простории да ги отстранат евентуалните опасности кои можат да предизвикаат пожар или експлозија ( да ги исклучат електричните, електронските, компјутерските и другите уреди и апарати од директно напојување со електрична енергија)

-Навремено пријавување, кај одговорните лица, на било каков недостаток, расипување, дефект или друга воочена промена на средствата и уредите за гаснење или на средствата и апаратите за работа, кои можат да предизвикаат дополнителни опасности од појава на пожар или експлозија.

Во просториите каде што постои зголемена опасност од пожар, директните извршители на задачите да посветат особено внимание при ракувањето со средствата за работа,како не би предизвикале дополнително загрозување и предизвикување на пожар или експлозија.

-Средствата за работа да ги одржуваат во исправна состојба.

- Да го почитуваат режимот од забрана за пушење во работните простории.

- Да се запознаат со местата кои се рангирани како места со зголемена опасност од појава на пожар.

- Извршуваат и други работи и обврски согласно закон,со одредбите од овој Правилник и по наредба од одговорните лица.

## VI. НАЧИН НА ОБУЧУВАЊЕ ЗА УЧЕСТВО ВО ГАСЕЊЕ НА ПОЖАРИ, РАКУВАЊЕ СО УРЕДИТЕ, ТЕХНИЧКАТА ОПРЕМА И СРЕДСТВАТА ЗА ГАСЕЊЕ НА ПОЖАРИ

Член 25

Секој работник, пред да се стекне со стаус вработен, мора да биде запознат со општите и посебните опасности од пожар побрзани со работното место.

Секој вработен треба да биде запознат со:

- Опасностите од пожар кои можат да му го загрозат личниот живот, животот на соработниците и другите вработени, средствата за работа и материјалните добра со кои располага Факултетот.

- Практичната примена и употреба на рачните преносливи противпожарни апарати за гасење на пожари.

- Обврската на работното место да ги почитува упатствата, општите и посебните правила, прописи и мерки за заштита од пожар, како и да ги знае причините поради кои тие мерки и постапки се предвидени и треба да се спроведуваат.

- Организацијата на силите и средствата во насока заштита и спасување од пожарни опасности и начинот на нејзиното функционирање во рамките на Факултетот.

-Обврската да заврши обука од областа на противпожарна заштита,во организација на Факултетот.

- Обврската да учествува во изведување на практични вежби во гасење на пожари со ракување на средства и опрема со кои располага Факултетот.

-Со содржината на овој Правилник.

## VII. ТЕХНИЧКА ОПРЕМА И СРЕДСТВА ЗА ГАСЕЊЕ ПОЖАРИ

Член 26

Видот, количината, местата и бројот на средствата и опремата најнеопходни за гаснење пожар се определуваат во зависност од опасностите кои произлегуваат од работното место и просторните услови, а во согласност со важечките прописи и подзаконски акти кои ја уредуваат оваа материја.

Член 27

Со цел за поефикасно користење на рачните противпожарни апарати, неопходно е да се почитуваат пропишаните правила и прописи во врска со нивното поставување и одржување.

Согласно прописите, рачните противпожарни апарати треба да бидат поставени на видни места, каде што постои зголемена и потенцијална опасност од појава на пожар.

Апаратите треба да бидат поставени на достапни и лесно воочливи места, по можност прицврстени на ѕид на висина до 1,5 метри, а во исклучителни случаеви нивното место да се усогласи и прилагоди на расположивите просторни услови.

Апаратот треба да биде обезбеден и осигуран со пломба и да има контролна картица со податоци за полнењето и извршената контрола,со датум и потпис на овластеното лице кое извршило сервисирање.

Повремено да се врши преглед на противпожарните апарати и сите недостатоци кои е констатирани,без пролонгирање на време, се препорачува веднаш да се отстранат.

Член 28

За поефикасно справување со поголеми пожари, Факултетот има на располагање инсталирана внатрешна хидрантска мрежа по спратови.

Сите хидранти треба да бидат обележани со знакот **„H”** и обоени со црвена боја.

Хидрантот треба да има на располагање капацитет на вода од најмалку 3 литри во секунда и воден притисок од минимум 3 бари.

Секој хидрант треба да биде комплетиран со противпожарни црева, млазница и клуч за отворање и затворање на доводот на вода.

Потребно е да се врши постојана контрола и преглед на исправноста на хидрантот и неговата константна опременост.

## VIII.ПОСТАПКА ВО СЛУЧАЈ НА ПОЖАР

Член 29

Вработениот кој ќе забележи појава на пожар должен е да го изгасне, ако за тоа е во состојба и има можност, и веднаш потоа го извести Деканот на Факултетот, односно раководителот на односната организациона единица или друго одговорно лице, со опис на местото каде се појавл пожарот, според сопствена моментална проценка, пример: мал, среден или голем пожар.

Член 30

Во случај кога станува збор за пожар од поголеми размери, вработениот кој го забележал должен е за тоа веднаш го извести Деканот на Факултетот или раководителот на односната организациона единица, односно друго одговорно лице, преку телефон или на друг најбрз начин според моментално расположивите можности.

Известувањето треба да биде брзо и кратко и да содржи најосновни елементи, пример: име и презиме на вработениот кој јавува за пожарот или пак постои потенцијална можност и загрозеност од појава на пожар и куси податоци за обемот на пожарот, односно карактерот на претстојната опасност.

Член 31

Вработениот кој го пријавил пожарот должен е сам или во содејство со други вработени да пристапи кон гаснење на пожарот и да преземе адекватни мерки и постапки за спречување на негово ширење, како и да ги отстрани сите последици кои пожарот може да ги предизвика, пред се да преземе конкретни мерки за спасување на евентуално загрозени и настрадани вработени, корисници на услуги-студенти, вредни предмети и други материјални добра зафатени од пожарот, а при тоа од безбедносен аспект, да ги исклучи сите уреди и апарати од електричниот довод на струја.

Член 32

Во акциите при спасување на евентуално загрозени и настрадани вработени и корисници на услуги треба да се употребуваат заштитни средства, пример:наметки од ткаенини, вода и други прирачни средства кои нема да ја зголемат температурата и да создадат рани по телото.

Член 33

Вон работно време, ноќни часови, неработни (сабота и недела) и празнични денови на ниво на Факултет функционира чуварска служба.

Доколку до појава на пожар дојде во овие временски термини, работникот-чувар должен е со примена на сите расположиви средства и опрема пожарот да го изгасне. Во колку не може да се справи со пожарните опасности да побара помош од чуварите од соседните факултети и веднаш по телефон да ја повика професионалната противпожарна бригада на град Скопје, а истовремено да го извести Деканот на Факултетот и други одговорни лица, Министерството за внатрешни работи и Итната медицинска помош.

Член 34

Знак за тревога може да даде секој вработен кој ќе го забележи пожарот.

Член 35

Вработените кои во време на давање на знакот за тревога се наоѓаат надвор од Факултетот, должни се на повик или по сознавањето да дојдат на работно место и се стават на располагање за гаснење на пожарот.

За време на пожарот вработените остануваат дежурни работници.

Член 36

По давањето знак за тревога и настанување на пожар, забранета е употреба на службен телефон, освен за најитни разговори кои се во врска со новонастанатата пожарна опасност.

Во сите организациони делови (по спратови) се воспсоставува постојана телефонска врска поради пренесување на добиени наредби.

Член 37

За време на тревога, од составот на присутните, се формира Екипа за обезбедување со задача да ги отстранува неповиканите лица, да ја спречи паниката, да го расчистува просторот и да овозможи доаѓање и проаѓање на противпожарните возила.

Член 38

За секое отповикување, односно одбивање на извршување на наредба за постапување во случај на пожар ќе се применат законски мерки.

Член 39

Ако некои прашања не се регулирани со одредбите од овој Правилник, непосредно ќе се применуваат соодветните законски и подзаконски прописи.

Член 40

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето од страна на Деканатската управа.

ДЕКАН
на Филолошкиот факултет

проф. д-р Владимир Мартиновски

Прописи врз основа на кои е изготвен Правилникот за заштита од пожари и експлозии:
1. Закон за заштита и спасување. (Службен весник на Република Македонија број 36/2004, 49/2004, 86/2008, 124/2010, 18/2011, 41/2014, 129/2015, 71/2016, 106/2016 и 83/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија број 215/2021);
2. Упатство за содржината на Правилникот за заштита од пожари и експлозии на државните органи,органите на државната управа,единиците на локалната самоуправа,јавните претпријатија,јавните установи,трговските друштва,трговците поединци и други правни лица. (Службен весник на Република Македонија, број 80/2011).
3. Правилник за техничките нормативи и хидрантската мрежа за гаснење на пожари. (Службен весник на Република Македонија, број 31/2006).
4. Правилник за начинот на одредување на местата на кои задолжително треба да се наоѓаат уредите и инсталациите за заштита од пожари,другата противпожарна опрема,средствата за гаснење на пожари и противпожарните апарати,нивното одржување во исправна состојба,посебното обележување и достапноста за употреба. (Службен весник на Република Македонија, број 74/2006).
5. Измени и дополнувања на Правилникот за начинот на одредување на местата на кои задолжително треба да се наоѓаат уредите и инсталациите за заштита од пожари,другата противпожарна опрема,средствата за гаснење на пожари и противпожарните апарати,нивното одржување во исправна состојба, посебното обележување и достапноста за употреба. (Службен весник на Република Македонија, број 76/2007).
6. Правилник за изборот на видовите и количините на противпожарните апарати со кои треба да располагаат правните лица и граѓаните,како и за критериумите што треба да ги исполнуваат правните лица кои што вршат сервисен преглед и контролно испитување на противпожарните апарати. (Службен весник на Република Македонија, број 105/2005).
7. Правилник за заштита од пожари,експлозии и опасни материи. Службен весник на Република Македонија, број 32/2011).
8. Закон за пожарникарство. (Службен весник на Република Македонија, број 67/2011).
9. Правилник за дополнување на Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. (Службен весник на Република Македонија, број 145/2013).